Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 91, 1 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област електронски компоненти и теорија на информации и комуникации на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област превентивна стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното подрачје биофармација и броматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на три наставника во сите звања за наставно-научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на три наставника во сите звања за наставно-научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на три наставника во сите звања за наставно-научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Економска географија“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Програмирање и оптимална еволутивна оперативност на процеси во реални услови” од кандидатот м-р Александар Крстев, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 91

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 95

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИОФАРМАЦИЈА И БРОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука број 2502-167/37 од 10 август 2012 год., донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, формирана е Рецензентска комисија за избор ***на соработник помлад асистент/ асистент*** за научната област ***биофармација и броматологија*** во состав:

- проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, претседател,
- доц. д-р Бистра Ангеловска, член,
- проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, за избор на еден 1 (еден) асистент за научната област *биофармација и броматологија*, објавен во дневниот весник „Дневник" на 6 јули 2012 година, се пријавија следниве кандидати:

- м-р Катарина Смилков, магистер по фармацевтски науки,
- Александар Бајатовски, магистер по фармација,
- Габриела Иванова, дипломиран фармацевт.

За избор во помлад асистент/асистент, кандидатот треба да ги исполнува условите наведени во членот 129/130 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критеруми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени во Конкурсот беа следни:

- пријава,
- диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд,
- кратка биографија (во четири примероци),
- потврда дека се служи со еден од светските јазици,
- список на објавени научни и стручни трудови,
- уверение за државјанство,
- изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

***Преглед на приложени документи на пријавените кандидати:***

| Кандидат | Пријава | Диплома за завршено соодветно образование | Потврда за странски јазик | Кратка биографија | Список на трудови | Уверение за државјанство | Изјава од Комисија за верификација на факти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Катарина Смилков | има | има | има | има | има | има | има |
| Александар Бајатовски | има | нема | нема | има | нема | има | нема |
| Габриела Иванова | има | нема | има | има | нема | има | има |

***1. Биографски податоци за кандидатката м-р Катарина Смилков***

Кандидатката Катарина Смилков е родена на 16 мај 1979 год. во Штип. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2002 година, со среден успех 8,70. До 2009 год. ги положува сите испити предвидени во студиската програма со среден успех 9,89, а на 5 декември 2011 год. магистрира на тема со наслов „Микроинкапсулиран *Lactobacillus casei* како додаток на исхрана-технолошки и функционални својства", со што се стекнува со звањето *магистер по фармацевтски науки*. На 29 март 2012 год. ѝ е одобрена изработка на докторска теза на Институтот по биологија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, со наслов „Развој и стандардизација на методи за формулација на терапевтски радиофармацевтици, базирани на моноклонални антитела и пептиди – DOTA Rituximab и супстанца „Р".

Од останатите квалификации има познавање од работа со компјутери, активно познавање и користење на англиски јазик и делумно познавање на германски јазик.

***Професионална активност***

Во периодот од 2003 до 2005 год. работи како самостоен стручен аналитичар во АД „Реплекфарм" - Скопје. Во 2005 работи како фармацевт- аптекар во ПЗО Аптека „Маклек" – Скопје. Од 2005 до 2007 год. работи како наставник по стручни фармацевтски предмети во СОУ „Јане Сандански" - Штип, а во 2007 год. е избрана за помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за научните области хемија, биохемија и фармакологија. На 21 декември 2010 г. е реизбрана во соработничко звање-помлад асистент за научното подрачје фармација.

***Научна и стручна активност***

***Стручни трудови:***

1. Даринка Ѓоргиева, **Катарина Смилков**: *Значење на следењето на безбедноста на примената на лековите по нивното пуштање во продажба* – статија во професионално списание Фармацевтски информатор, год. 10, бр. 29, март 2012 год.
2. Janevik Ivanovska E., Pasquali, M., Boschi, A., Uccelli, L., **Smilkov. K.**, Duatti, A., *Development of a kit formulation for the high-yield preparation of a Re-188 labelled biotin conjugate for the treatment of breast cancer through the IART approach*, Alasbimn Journal 14, 2011, No. 54.
3. Janevik Ivanovska E., **Smilkov K.,** Boschi A., Pasquali M., Uccelli L., Duatti A. *A new class of Copper-62 brain imaging agents with dithiophosphinate ligands*. Alasbimn Journal 14, 2011, No. 54.
4. **K. Smilkov**, L. P. Tozi, T. P. Ivanovska, N. Geskovski, R. Petkovska, M. G. Dodov, K. Baceva, D. Dimitrovski, K. Mladenovska. *Effects of formulation variables on viability of L. casei loaded in whey protein-Ca-alginate microparticles in simulated in vivo conditions,* European Journal of Pharmaceutical Sciences, 44/S1: 128-129, 2011 (IF 3.291, 2011).
5. T. I. Petreska, L. P. Tozi, **K.Smilkov**, E. Popovski, T. Stafilov, A. Grozdanov, N. Geskovski, R. Petkovska, K. Mladenovska. *Influence of formulation variables on survival of L. casei loaded in chitosan – Ca-alginate microparticles prepared by spray drying,* European Journal of Pharmaceutical Sciences, 44/S1: 119-120, 2011 (IF 3.291, 2011).
6. T. Petreska Ivanovska, L. Petrusevska-Tozi, J. Hadzieva, **K. Smilkov**, N. Geskovski, K. Mladenovska *Viability of L. casei in synbiotic carrot juice during fermentation and storage,* Macedonian Pharmaceutical bulletin, 57 (suppl):126-127, 2011.
7. **K. Smilkov**, T. Petreska Ivanovska, L. Petrusevska-Tozi, A. Grozdanov, M. G. Dodov, N. Geskovski, R. Petkovska, K. Mladenovska *Effects of formulation variables on particle size and viability of L. casei - loaded whey protein-Ca-alginate microparticles,* Macedonian Pharmaceutical bulletin, 57 (suppl): 285-286, 2011.
8. T. P. Ivanovska, L. P. Tozi, **K. Smilkov**, E. Popovski, A. Grozdanov , N. Geskovski, R. Petkovska, M. G. Dodov, K. Mladenovska *Effect of formulation variables on physico-chemical characteristics of synbiotic microparticles with Lactobacillus casei,* 3rd PharmSciFair, Pharmaceutical Sciences for the future of Medicine, 13-17.06.2011, Prague, Czech Republic, P-20.

9. D. Gjorgieva, **K. Smilkov**, B. Gjorgjeska, *Assessment of Heavy Metal Levels in Serum Sample of Professionally Exposed Workers*, Arh. Farm. 2010; 60: 1102.
10. T. I. Petreska, M. K. Dabevska, N. Geskovski, **K.Smilkov**, E. Popovski, L. Petrusevska-Tozi, K. Mladenovska *Viability of L. casei during microencapsulation in chitosan-Ca-alginate microparticles and in simulated in vivo conditions* , Arh. Farm. 2010; 60:748-749.
11. E.Janevik-Ivanovska, I.Gjorgoski, B.Crcareva, M.Stojmirov, A.Boschi, L.Uccelli, M.Pasquali, D.Gjorgieva, **K.Smilkov**, N.Kamcev. *Experimental Animal Models as a Fundamental Tool for the Development of New Radiopharmaceuticals*. Serbian Journal of Experimental and Clinical Research, 2010; p.125.
12. D. Gorgieva, **K. Smilkov**, B. Gorgeska, *Biomonitoring of Metals in Serum Samples*, Abstract book, 33rd International Medical Scientific Congress for students and young doctors, 2010, Ohrid, R. Macedonia, p.27.
13. **K. Smilkov**, D. Gorgieva, B. Gorgeska, *Beneficial effects of probiotic use in food*, Abstract book, 33rd International Medical Scientific Congress for students and young doctors, 2010, Ohrid, R. Macedonia, p.28.
14. Камчев, Н., Панов, З., Ѓорѓеска, Б., Зајкова-Панева, В., Ѓоргиева, Д., **Смилков, К**., Камчева, М., Камчева, Г.: *Влијанието на концентрацијата на тешките метали во серумот врз здравјето кај рударската популација во Пробиштип*, Списание на Здружение на невролози на Македонија- Епилепсија, год. 1, бр. 1, декември 2008, ISSN 1409-617X.
15. **Смилков, К**. Ѓоргиева, Д., Ѓорѓеска, Б.: *Нови форми на туризам базирани на медицински сознанија*; Зборник на трудови од меѓународен симпозиум „Туризмот во 21 век" 2008, p.703.

***Конгреси, конференции и симпозиуми***

- XXIII Congreso de ALASBIMN (Asociación Latinoamericana de Sociedades de Biología y Medicina Nuclear), 28.09-01.10.2011, Porto de Galinhas, Brasil (усна презентација).
- 4th BBBB Bled international conference of Pharmaceutical Sciences, 29.09-01.10. 2011, Bled, Slovenia (постер презентација).
- Fifth Congress of Pharmacy of Macedonia with International Participation 21.09-25.09 2011, Охрид, Македонија (постер презентација).
- V kongres farmaceuta Srbije sa međunarodnim učešćem 13.10.-17.10. 2010 Белград, Р. Србија (постер презентација).
- Втора конференција за интелектуална сопственост во фармацевтската индустрија, 4 мај 2010, Скопје.
- 33rd International Medical Scientific Congress for students and young doctors, 13-16.05.2010, Охрид, Македонија (постер презентација).
- Прв меѓународен симпозиум „Туризмот во 21 век", Скопје, 2008 год. (усна презентација).

***Кандидатката е учесник во неколку национални и меѓународни проекти:***

- „Establishing Nuclear Medicine to Improve Health Care of Patients Affected by Chronic Disease", (2012-2013).
- „Микроинкапсулирани синбиотици - од оптимална формулација до терапевтска примена" (2010 - во тек) на Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје.
- "Development and preclinical evaluations of therapeutic radiopharmaceuticals based on Lu-177 and Y-90 labeled monoclonal antibodies and peptides" (2009-во тек) CRP проект на Универзитетот „Гоце Делчев" и Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA).
- "Improving clinical practice in Nuclear Medicine (part II)" (2008-во тек) проект на Универзитетот „Гоце Делчев" и IAEA за техничка соработка.

Во периодот од април 2011 до јули 2011 год. во рамки на научноистражувачкиот проект ("Improving clinical practice in Nuclear Medicine (part II)", остварува студиски престој на Универзитетот во Ферара, Италија, на Одделот за фармацевтски науки.

***2.*** ***Биографски податоци за кандидатот Александар Бајатовски***

Кандидатот **Александар Бајатовски** е роден на 11 септември 1989 год. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2007 година, со среден успех 8,09. Од останатите квалификации има познавање на англиски јазик.

***3.*** ***Биографски податоци за кандидатката Габриела Иванова***

Кандидатката **Габриела Иванова** е родена на 25 октомври 1973 во Штип. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2005 година, со среден успех 6,79. Запишана е на постдипломски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Работно искуство во аптека (5 месеци во 2007 година и 3 години во 2009 година), и во Глобален фонд, проект „Медицинска мапа", 6 месеци.

Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери и познавање и користење на англискиот јазик

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот се гледа дека единствено кандидатката м-р Катарина Смилков, магистер по фармацевтски науки, има искуство во практична настава како помлад асистент и единствено таа приложила список на трудови од што може да се заклучи за нејзината стручна и научна активност.

М-р Катарина Смилков е вработена како помлад асистент на Факултетот за медицински науки на УГД во Штип од основањето во 2007 година. Во изминативе три години се покажа како многу успешен соработник во одржувањето на практична настава за предметите: Хемија 1 и 2, Аналитичка хемија, Општа и неорганска хемија, Биохемија 1 и 2, Биохемија со биофизика, Физиологија со биохемија, Фармакологија, Инструментални фармацевтски анализи, Фармацевтска хемија и Броматологија на сите акредитирани студиски програми кои се спроведуваат.

Од приложениот список на публикувани и презентирани трудови во земјава и во странство може да се заклучи дека трудовите се работени со коректна современа методологија и имаат значајна теоретска и практична вредност во својата област. Со учеството на повеќе семинари и работилници  м-р Катарина Смилков го покажа својот интерес за следење на современите текови во фармацијата.

Врз основа на анализа на доставената документација на сите кандидати кои се пријавиле на Конкурсот, ценејќи ја нивната целокупна стручна, научна и наставна активност, констатиравме дека единствено помлад асистент м-р Катарина Смилков, магистер по фармацевтски науки, ги исполнува сите услови за избор во соработничко звање асистент за научната област биофармација и броматологија.

Имајќи го предвид претходно забележаното, чест ни е и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **да ја избере пом. асс. Катарина Смилков, магистер по фармацевтски науки, во звање асистент за научната област биофармација и броматологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Бистра Ангеловска, член, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, член, с.р.**

## ПРИЛОГ 1

**Табела за вреднување на активностите на кандидатката м-р Катарина Смилков**

| вид на активност | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | |
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 48 | 0,2 | | 8 |
| **Научноистражувачка дејност** | | | | |
| 1. Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир | 4*1<br>8*2 | 1 | 2 | 20 |
| 2. Учество на научен собир со реферат (постер/ усно) во земјава и во странство | 4*1<br>1*1,5<br>5*1,5<br>3*2 | 1/1,5 | 1,5/2 | 19 |
| 3. Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | 4 |
| 4. Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3*3<br>1*2 | 2 | 3 | 11 |
| 5. Студиски престој во странство | 1 | | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | | |
| 1. Труд во стручно (научно-популарно) списание | 2 | 2 | | 4 |
| 2. Труд објавен во зборник од трудови на научен собир | 1 | 2 | | 2 |
| 2. Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | 4 |
| **Вкупно** | | | | **80** |